# ПРОФЕСИОНАЛНА ПРАКТИКА
# УПАТСТВО ЗА СТУДЕНТИ

Според Закон за високо образование (Закон за високо образование (Службен весник на Р.С. Македонија бр.82/18, 178/21 и 58/24) КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ

Член 147 10б
б) шестмесечно стажирање во аптека отворена за јавноста или во болница, под надзор на фармацевтскиот оддел на болницата;

Професионалната практиката за студентите на студиската програма Магистер по фармација се реализира согласно датумите наведени во потврдата издадена од Факултетот.

Во текот на практиката студентот-практикант:

- на првиот ден од почетокот на практиката, на едукаторот од аптеката, ја дава на увид ПОТВРДАТА од Фармацевтскиот факултет, и се легитимира со студентска легитимација или индекс
- на увид на едукаторот го дава дневникот за практика
- континуирано носи бел и чист мантил со беџ каде е назначено личното име и презиме и Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје
- во континуитет соработува со едукаторот од избраната аптека и строго ги следи и почитува доделените препораки, совети и упатства
- континуирано работи на пополнување на дневникот за практика
- континуирано соработува со академскиот ментор од Фармацевтскиот факултет
- се ангажира со практикантска работа минимум 6 работни часа во текот на секој работен ден од неделата, под надзор на едукаторот (≅ 30 работни часа/неделно)
- редовен е на практиката
- нема право самоиницијативно да ја скрати, одложи или прекине практиката
- нема право самоиницијативно да направи замена на аптеката или едукаторот
- во конкретен случај, може да се санкционира неетичкото и неприфатливо однесување со опомена или исклучување од практиката, по претходно барање за постапување и спроведување дисциплинска постапка од страна на факултетот
- од истите причини, може да побара замена на едукатор од практика/аптека
- треба да има во предвид дека академскиот ментор во секое време може да го провери (најавено или ненајавено) присуството на студентот во аптеката за практика
- треба да има во предвид дека едукаторот може да одобри и евидентира користење на слободен ден за полагање на испит во сесија и слободни денови за апсолвентска екскурзија (според список на пријавени студенти за апсолвентска екскурзија, проследен од страна на Фармацевтскиот факултет)
- сите слободни денови по наведените основи и други оправдани причини (на пример: боледување и сл.) е должен да ги надополни било по завршување на практиката или со дополнителни часови на практиканство
- треба да има во предвид дека во дневникот се евидентира точен датум на отсуство од практиката
- должен е да води дневник за практика и да ги изработи извештаите за студиите по случај

- за сите отворени прашања со кои ќе се соочи во текот на практиката треба се консултира со едукаторот и академскиот ментор
- на крајот од практиката т.е. на последниот ден од практиката обезбедува потпис од едукаторот (на втората страница од потврдата до личното име на едукаторот) исто така и во дневникот за практика на назначеното место за едукатор и податоци за аптеката
- пополнетиот дневник, потпишан од едукаторот како и потврдата, го носи на потпис кај академскиот ментор од Фармацевтски факултет којшто става потпис на место назначено за ментор
- по завршената практика со уредно пополнет дневник, доделен потпис во дневникот и подготвени 5 (пет) извештаи за студија по случај, оди кај менторот за завршна евалуација и верификација на практиката.

Линк за вежбање:

- https://www.ataglanceseries.com/pharmacology8e/cases/case1.asp
- Книга со Студии на случај – во Files - Teams

**Информации за структура на студентски дневник и извештај за „Студија по случај”**

**1. Студентскиот дневник** за практика треба да содржи неделни извештаи (вкупно 20) приложени во книшката, во печатена форма (Times New Roman, фонт 12, максимум до 700 зборови) верифицирани со потпис од стручњакот од практика. Во дневникот треба да се наведат извршени активности од страна на студентот-практикант со стекнати знаења и вештини. Краток опис за учество во активности поврзани со практикување на стандардни вештини и сервиси во аптеката.

**2. Студија на случај:**

- студентот подготвува 5 (пет) писмени извештаи (максимум до 3.000 зборови/извештај) за 5 реални или виртуелни пациенти со хронична болест(и) односно со дијагноза од различни органски системи (пр. еден пациент со кардиоваскуларни нарушувања, еден пациент со психијатриско заболување, еден пациент со инфективно заболување итн.); за студиите на единечни случаи се претпоставува дека се со различна комплексност и дека се пропишани минимум 4 (четири) лекови.
- студентот подготвува и 5 (пет) писмени извештаи (максимум до 3.000 зборови/извештај) за реални или виртуелни пациенти со акутно заболување
- доколку не е возможно да се обезбеди реален пациент за изработка на „Студија на случај, тогаш, може да се искористат информации согласно упатствата, од терапија на роднини или пријатели на студентот

Извештајот треба да ги содржи следниве елементи и истите треба да бидат наведени:

1) Податоци и информации за пациент: демографски (возраст, пол, висина, телесна тежина); социјална и семејна историја
2) Информации асоцирани со болест: примарна дијагноза(и) (по МКБ 10); кратка патофизиологија на заболување; мината историја на заболувања, евентуални хируршки интервенции и дијагностички процедури; потребни лабораториско-биохемиски иследувања.
3) Податоци за пропишани лекови:

- генеричко име на лек; АТС код; фармацевтска дозирана форма; состав; јачина; пакување; дозирање и начин на употреба со алтернативни начини; времетраење на терапија; начин на чување на лекот.
- информации за евентуална паралелна примена на без рецепти лекови и додатоци на исхрана

4) Проценка дека пропишаните лекови се според начелата за "медицина и фармација базирана на докази"; проценка дали пациентот се придржува до пропишаната терапијата и дадените информации и упатства според планот за фармацевтска грижа за пациентот.
5) Опис на други терапевтски пристапи за конкретната дијагноза со:
   - примери на други лекови со краток опис на механизам на дејство
6) Несакани дејства; контраиндикации; предупредувања за ризици; мерки на претпазливост, интеракции и др.
7) Елементи за мониторирање на исход од пропишаната терапија (пр. микробиолошки анализи, биохемиски параметри, мерење на крвен притисок, гликоза во крв и др.)
8) Давање совети, препораки и информации насочени за пациент поврзани со: правилна и безбедна употреба на пропишаните лекови вклучително и животниот стил на пациентот (пр. физичка активност, откажување од пушење и сл.).
9) Студентот за секој единечен случај да сугерира современ модел на виртуелен аптекарски сервис и практика (virtual pharmacy service and practice), модел на телефармација (tele-pharmacy) или примена на смарт технологии (App), за унапредено и непречено обезбедување на фармацевтска грижа за пациентите
10) Можност за примена на класификација на проблеми асоцирани со лекови (Pharmaceutical Care Network Europe Association - PCNE Classification for Drug-Related Problems, https://www.pcne.org/working-groups/2/drug-related-problem-classification )
11) Користена литература и релевантни извори на информации

Прилог 1: Неделен извештај за практика, период од __.__.20__ до __.__.20__ година

Име и презиме на студент:
Стручњак од практика, име на аптека, локација:
Ментор од ФФ:

| |
|---|
| Извршени активности: |
| Стекнати знаења и вештини : |